Бр./Nr 12-1957/6
12 -11- 2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 22.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5335/1 од 22.11.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконски дејствија и нарушување на воспитно – образовниот процес од страна на ------------------ – директор на ООУ ------- ---------- Кавадарци. Во пријавата, меѓудругото, се наведува дека лицето ------------------------- е незаконски вработена во училиштето.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот поради тоа што не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-5335/1 од 22.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5335/1 од 22.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски дејствија и нарушување на воспитно – образовниот процес од страна на ------------------------ – директор на ООУ -------------------- Кавадарци. Во пријавата се наведува дека иако со новиот Закон за основно образование е укинато местото помошен директор, средствата одобрени за плата за ова место директорката ги употребува за да вработи одделенски наставник без согласност од Министерството за образование и наука, додека постојниот наставник е распределен во продолжен престој. Исто така, се наведува дека ------------------- е незаконски вработена во училиштето.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара информација од училиштето да достави целосна информација со прилог документација за правниот основ и постапката за вработување на лицето -------------------- во училиштето.

По барањето на Државната комисија доставен е одговор од страна на ООУ --------------- Кавадарци во кој се дава образложение со прилог документација за за вработувањето на именуваното лице. Како што е наведено, на почетокот на секоја учебна година училиштето бара согласност за вработување на итни и неодложни работи од страна на Општина Кавадарци за потребите од наставен кадар на определено време за период од 3 месеци. Истовремено се доставува и барање за добивање согласност за вработување на определено време врз основ на старо финансирање со објавување на оглас најдоцна до 31.08.2020 преку Општина Кавадарци до Министерството за образование и наука врз основа на коај што се распишува оглас за вработување на определено време во два дневни весници. Од страна на Општина Кавадарци е добиена согласност за вработувањ на наставници на итни и недоложни работи за период од три месеци бр.10-4577/3 од 02.09.2019 година, а во истата е дадена и согласност за работно место одделенски наставник на кое е вработено лицето --------------------------. Во врска со ова, а видно од записник доставен во прилог на 03.09.2019 година извршено е интервју со 4 кандидати предложени од Агенцијата за вработување по што директорот на ООУ ------------------------ Кавадарци констатира дека именуваниот кандидат ги исполнува критериумите наведени во записникот и ги исполнува условите според Нормативот за наставен кадар, по што донел одлука именуваниот кандидат да биде примен за наставник по одделенска настава на итни и неодложни работи.

Врз основа на добиената согласност од Министерството за образование и наука бр.12-14989/2 од 19.12.2019 година за вработување на определено работно време за учебната 2019/2020 година донесена е одлука за распишување на оглас бр.02-21/1 од 13.01.2020 година врз основа на која е распишан оглас во дневните весници Вечер и Лајме. Училиштето донело одлука со која се формира комисија од три члена наставници по македонски јазик за проверка на познавањето на македонскиот јазик и кирилското писмо на кандидатите за избор на наставници во училиштето. Комисијата извршила проверка на сите кандидати кои присуствувале и врз основа на тоа направила извештај со список бр.04-2/20 од 21.01.2020 година. Претходно на 14.01.2020 година лицето -------------------------- поднело молба со прилог на бараната документација по однос на огласот, а за истото работно место имало уште двајца кандидати ----------------- и ------------------------.

Училишниот одбор формирал комисија за разгледување на пристигнатите документи по објавениот оглас, која ги разгледала документите и доставила предлог до директорот бр.02-25/4 од 28.01.2020 година, во кој предлог за работното место одделенски наставник било предложено лицето ---------- -------- ----------. И покрај дадениот предлог, а врз основа на пристигнатите молби и документација директорот донел Одлука за извршен избор на кандидати и за конкретното работно место бр.04-2/22 од 30.01.2020 и врз основа на конечната ранг листа на кандидатите бр.04-2/23 од 30.01.2020 година е избран кандидатот -------------------. Кандидатот ------------------- на ден 03.02.2020 година поднела изјава со која ги повлекла документите бидејќи веќе била вработена во друго училиште. Врз основа на конечната ранг листа,

второрангираната ------------------------ на ден 04.02.2020 година ги повлекла документите бидејќи била анагажирана на друго работно место. Треторангиран кандидат била --------------------- која ги исполнувала условите и врз основа на тоа е донесена одлука за извршен конечен избор на кандидатите по јавниот оглас.

Во дописот од училиштето исто така се наведува дека е побарано согласнот од Министерството за образование и наука за пренамена на средствата од работно место помошник директор во работно место одделенски наставник, која што била добиена со добивањето на согласноста бр.12-14989/2 од 19.12.2019 година. Пренамената на средствата била направена од причина што работнот место помошник директор било укинато по сила на новиот Закон за основно образование, а со добивањето на предметната согласност средствата бие одобрени и пренаменети за работно место одделенски наставник од кое училиштето имало потреба и кое било предвидено во систематизацијата на училиштето.

Имајќи го предвид горенаведеното, а со оглед дека подностелот наведува дека истата пријава е доставена и до Државниот просветен инспекторат, Државната комисија побара од инспекторатот да достави известување за констатираната состојба од инспекцискиот надзор и записник од истиот.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е добиен одговор дека истиот извршил вонреден иснпекциски надзор во ООУ --------------- Кавадарци во однос на наводите од пријавата доставена до Државната комисија и известува дека нема утврдено неправилности во работењето од страна на директорот на училиштето, ниту пак се сторени повреди при вработувањето на лицето ---------------- како наставник во истото училиште. Исто така, се наведува дека таткото на ова лице е вработен во истото училиште меѓутоа не бил на раководна функција, ниту пак член на орган на управување. Во записникот од извршениот инспекциски надзор, доставен во прилог, видно е дека и претходно бил извршен инспекциски надзор во училиштето по овие наводи по барање на Министерство за финансии – Финансова полиција при кој исто така не се констатирани никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што наводите од пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**